# ДИСЦИПЛИНСКИ ПРАВИЛНИК

Врз основа на член од Статутот, Управниот Одбор на Олимписки комитет на Северна Македонија на ден 03 /12/ 2020 година го усвои следниот пречистен текст, врз основа на кој се донесува:

# ДИСЦИПЛИНСКИ ПРАВИЛНИК НА ОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## I ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Дисциплинскиот правилник на Олимписки комитет на Северна Македонија (во понатамошен текст Правилник) ги утврдува прекршоците, одговорноста, казните и постапката за нивно изрекување, како и други прашања во врска со непочитување на општите акти и одлуки на Олимписки комитет на Северна Македонија (во понатамошен текст ОКСМ).

### Член 2

Членовите на ОКСМ со свои општи акти ги уредуваат прашањата на дисциплинска одговорност во однос на кршењето на организациската дисциплина. Изрекувањето на санкции за прекршување на организациската дисциплина не ја исклучува дисциплинската одговорност по овој правилник и обратно.

### Член 3

Овој Правилник ги обврзува сите членови на ОКСМ и нивните органи, тела и лица именувани во тие органи и тела, како и други лица кои извршуваат било каква должност во ОКСМ.

### Член 4

На член од ОКСМ не може да му биде изречена казна за прекршок кој пред да биде сторен не бил со овој Правилник или друг акт одреден како прекршок и за кој на ист начин не била пропишана казна.

### Член 5

Никој не може да се смета за сторител на прекршок пред да се утврди со правосилна одлука на надлежен орган.

### Член 6

За прекршок кој ќе го направат органите на ОКСМ ќе се казнат и одговорните лица во тие органи.

### Член 7

Органите прават прекршок ако до нвно извршување дошло со знаење или со пропуштање од страна на органот или на одговорното лице или на друго лице кое било овластено да истапува во име на органот на таа организација.

**Член 8**

Одговорност на одговорното лице постои доколку до извршување на прекршокот дошло врз основа на негови постапки или пропусти.Одговорноста на одговорното лице не престанува со престанок на вработувањето или должноста во органот или основната организација.

**Член 9**

Овој Правилник се применува без оглед на тоа дали прекршокот е направен на територијата на Република Северна Македонија или во странство. Доколку со меѓународни прописи прифатени од страна на ОКСМ не е поинаку одредено, овој Правилник се применува и на лицата странски државјани кои се членови на ОКСМ.

**Член 10**

Непознавањето на општите акти на Правилникот не ја исклучуваат одговорноста на сторителот на прекршокот.

## II ДИСЦИПЛИНСКИ ПРЕКРШОК

**Член 11**

Дисциплинскиот прекршок е дело чинење или не чинење против олимпискиот спорт чии обележја се одредени со овој Правилник. Извршителот е одговорен кога прекршокот ќе се стори со умисла или од небрежност. Не се смета за прекршок, во смисла на овој Правилник, ако е направен во крајна нужда, нужна одбрана или правна заблуда.

**Член 12**

За прекршокот одговара сторителот на прекршокот, како и оној кој го поттикнувал или помагал или помагал при извршувањето на прекршокот.

**Член 13**

Обидот се казнува само ако е така утврдено со овој Правилник.

## III ВИДОВИ КАЗНИ

**Член 14**

На извршителот на прекршокот може да му се изречат следните казни:
- опомена,
-парична казна,
-казна за изречена клевета и навреда,
-престанок на работен однос

## Член 15

Опомената се изрекува за прекршоци сторени под особено лесни околности за кои е инаку предвидена казна забрана за вршење на работен однос ако органот кој ја води постапката оцени дека и со ваква казна ќе се постигне целта на казнувањето.

## Член 16

Парична казна може да се изрече само на сторителот на прекршокот, која е утврдена со општите акти на ОКСМ и на овој Правилник.
Висината на паричната казна се изрекува во износ не помал од 1.000,00 ниту поголем од 50.000,00 денари. Висината на паричната казна за федерациите се изрекува во износ не помал од 10.000,00 ниту поголем од 600.000,00 денари.

Прекршителот е должен паричната казна да ја плати во рок до триесет (30) дена од нејзината правосилност, а во спротивно ќе се наоѓа под суспензија до уплата на паричната казна.

## Член 17

Сторителот (извршителот) кој за друг изнесува или пронесува нешто невистинито, ја клевети или навредува ОКСМ или нејзини членови, носители на функции или органи, со што им наштетува на честа и угледот на олимпискиот спорт ќе се казни со парична казна или со забрана за вршење на работи во олимпискиот спорт до две (2) години.
Ако тоа што невистинито се изнесува или се пронесува е од такво значење што довело или можело да доведе до тешки последици за оштетениот, извршителот ќе се казни со забрана за вршење работи во олимпискиот спорт до четири (4) години.

## Член 18

Казната доживотно исклучување од олимпискиот спорт се изрекува за прекршоци кои се сторени под посебно тешко околности, кога сторителот при неговото извршување покажал посебна одлучност, упортност или безобзирност или предизвикал особено тешки последици по честа и угледот на ОКСМ и нејзините органи со изнесување на невистини, клевети и навреди

## Член 19

При изрекувањето на временската казна за забрана или забрана на вршење должности и парична казна, надлежниот орган може да го одложи извршувањето на изречената казна за време кое не може да биде пократко од шест (6) месеци, ниту подолго од една (1)година, со што изречената казна нема да се изврши ако сторителот во тој период не направи нов прекршок.
Одложувањето на изречената казна ќе се одреди доколку спрема околностите под кои е направен прекршокот и спрема однесувањето на извршителот после неговото извршување, како и имајќи предвид неговиот поранашен живот, надлежниот орган оцени дека извршителот и без извршување на изречената казна во иднина нема да прави прекршоци, како и тоа дека со самото изрекување на казната ќе се оствари целта на казнувањето.

## IV ОДМЕРУВАЊЕ НА КАЗНИ

### Член 20

При одмерувањето на казната се земаат предвид сите околности кои влијаат казната да биде поголема или помала, а особено:

-тежината на сторениот прекршок,
-степенот на одговорноста на сторителот,
-последиците сторени со прекршокот,
-причините и околностите под кои е направен прекршокот,
-моралните особини на сторителот и однесувањето после направениот прекршок.

### Член 21

Отежнителни околности постојат кога прекршокот е направен повторно од сторителот, кога постојат особено тешки последици или други околности заради кои прекршокот добил потежок облик.

Сторителот е повратник ако порано бил казнуван за направен прекршок, а не поминало повеќе од две (2) години, сметајќи од денот на издржаната казна.

### Член 22

Олеснителни околности постојат во исклучителни ситуации кога сторителот пред направениот прекршок имал примерно спортско однесување и морал или пак на тоа укажува неговиот стаж, угледот и учеството во организацијата или други заслуги и признанија за развој на олимпискиот спорт.
Признанието на сторителот на прекршокот, освен во случај на каков било физички напад од страна на кој било учесник се смета за олеснителна околност.

### Член 23

Во случај на одмерување на казна за повеќе прекршоци за кои истовремено се одлучува најнапред се утврдува казна за секој прекршок одделно, а потоа се донесува одлука за единствената казна и тоа спрема следното:
-Ако за еден прекршок е утврдена казна доживотно исклучување се изрекува само таа казна,
-Ако се изречени повеќе временски казни за забрана на играње, или вршење на должност или казна забрана на играње или вршење на должност се спојуваат во една казна која мора да биде помала од збирот на изречените казни,
-Ако за еден прекршок е изречена времена казна забрана на играње или вршење на должност.

## V ЗАСТАРЕНОСТ

### Член 24

Покренувањето на дисциплинска постапка застарува во рок од шест (6) месеци сметајќи од денот на извршувањето на прекршокот.

Дисциплинската постапка не може да се води доколку во рок од шест (6) месеци од денот на постапката не е донесена првостепена одлука.

## VI ГАСНЕЊЕ, БРИШЕЊЕ И ИЗДРЖУВАЊЕ НА КАЗНА

### Член 25

Изречената казна не може да се изврши ако поминало:
-една (1) година од изрекувањето на казната забрана на вршење на должноста
-две (2) години од изрекувањето на временската забрана на вршење на должноста во траење до една (1) година,
-три (3) години од изрекувањето на временската казна забрана на вршење на должноста во траење од преку една (1) година,
-една (1) година од изрекувањето на парична казна.

### Член 26

Застарување на казната почнува од денот кога станала правосилна, а кај условната казна од денот кога правосилно е нејзиното извршување.
Издржувањето на временската казна или казна не тече за време на отслужување на воен рок или издржување на казна затвор изречена од страна на надлежен државен орган или играње во странство.
Со истекот на една година од денот на издржаната, простена или застарена казна, казнетиот се брише од евиденцијата на казнетите.
Условната казна се брише од евиденцијата на казнети со истекот на три месеци, сметајќи од денот на истекот на времето за кое извршувањето било одложено.

## VII ЕВИДЕНЦИЈА НА КАЗНА

### Член 27

Правосилните одлуки се запишуваат во евиденција која ја води орган надлежен за изрекување казни во прв степен.
Евиденцијата на казните изречени на сите учесници и се води во соодветните комисии и тела на ОКСМ.

## VIII ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА И НАДЛЕЖНОСТ ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ

### Член 28

Дисциплинската постапка се покренува врз основа на пријава, која може да ја поднесе секое службено лице, орган, тело или организација.

### Член 29

Во смисла на овој Правилник може да одлучуваат дисциплинските органи:
-на националните спортски федерации,
-на општинските и градските сојузи,
-на други органи предвидени со посебни акти,
- на органите и телата на ОКСМ.

**Член 30**

Дисциплинскиот орган на комитетот води постапка и изрекува казна за прекршоци направени од страна на своите членови.
Казната забрана на играње се извршува ако е потврдена од надлежен дисциплински орган.

**Член 31**

Дисциплинските органи на ОКСМ, водат постапка и изрекуваат казни за прекршоци направени од страна на членовите на ОКСМ, ако со друг посебен акт не е поинаку предвидено.

**Член 32**

Претседателот на ОКСМ одлучува за дисциплинските прекршоци и изрекува казни согласно овој Правилник и другите општи акти на ОКСМ.
За казните изречени од страна на Претседателот, во втор степен одлучува Спортската Арбитража.

**Член 33**

Дисциплинската комисија се состои од членови кои ги именува Управниот одбор на ОКСМ.
Дисциплинската комисија расправа и донесува одлуки, со мнозинство на гласови.
На дисциплинската комисија во работата може да им помагаат стручни соработници на кои можат да им се доверат поединечни работи неопходни за донесување на правилна одлука.

**Член 34**

Дисциплинската комисија носи одлуки по спроведената постапка и прибавените изјави од учесниците, кои можат да бидат и во писмена форма.
Во случај да некој од учесниците своеволно одбие да даде изјава, дисциплинската мерка може да се изрече и без негова изјава.

**Член 35**

Во дисциплинската постапка, дисциплинската комисија доказите ги оценува по слободно уверување.
Во случај да постои основано сомнение дека окривениот направил прекршок за кој може да се изрече временска казна забрана на вршење на должности, дисциплинската комисија може да изрече суспензија.

**Член 36**

Во дисциплинската постапка, дисциплинската комисија доказите ги оценува по слободно уверување. Во случај да постои основано сомнение дека окривениот направил прекршок за кој може да се изрече временска казна забрана за вршење на должности, дисциплинската комисија може да изрече суспензија.
За предлогот за повторување на постапката одлучува органот чија одлука се побива.

***БАРАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЗАКОНИТОСТА***

**Член 37**

Против правосилните одлуки донесени спротивно на општите акти на ОКСМ може да се изјави барање за заштита на законитоста.
За барање за заштита на законитоста одлучува Собранието на ОКСМ, а го покренува Претседателот на ОКСМ.
Барањето за заштита на законитоста може да се поднесе најдоцна во рок од три месеца, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката.

**Член 38**

Барањето за заштита на законитоста може да се одбие или усвои.
Во случај да се усвои, правосилната одлука се укинува, а предметот се враќа на повторно решавање и одлучување.

## X ВОНРЕДНО УБЛАЖУВАЊЕ НА КАЗНАТА

**Член 39**

Врз основа на молбата на казнетиот, Управниот Одбор на ОКСМ може да го ослободи од натамошно издржување на казната или казната да ја ублажи доколку постојат околности кои го оправдуваат донесувањето на таквата одлука.
При одлучувањето во смисла на претходниот став секогаш ќе се цени мислењето на првостепениот орган.
Молба за вонредно ублажување на казната може да се поднесе после истекот на шест (6) месеца од правосилноста на одлуката за казна.

## XI ПОСЕБЕН ДЕЛ

**Член 40**

Оној кој не ги извршува и не ги почитува одлуките на ОКСМ, ќе се казни со временска забрана на играње или вршење на должност до две (2) години.

**Член 41**

Оној кој пред органите на ОКСМ непристојно или неспортски се однесува, ќе се казни со временска забрана за играње или вршење на должност до една (1) година.

**Член 42**

Оној кој навредливо се изразува или изнесува и пренесува невистина за олимпиското раководство или за член на ОКСМ:
Ќе се казни со временска забрана за вршење на должност во траење до една година.
Ако прекршокот го стори негов орган, ќе се казни со парична казна.
Оној кој ќе стори повреда од став 1 на овој член преку средствата за јавно информирање, ќе се казни со временска забрана за вршење на должност до две години.

**Член 43**

Оној кој наговара или ветува поклони, или на друг начин влијае на вработен или на делегат својата должност да не ја вршат во смисла на правилата на

олимпискиот комитет:
Ќе се казни со временска забрана за вршење на должност во траење од најмалку една (1) година,
Доколку наговарањето успеало може да се изрече казна за доживотно исклучување, вработениот или делегатот кои ја прифатиле нагодбата, поклонот или ветувањето и својата должност ја вршат спротивно на олимписките правила ќе се казнат со иста казна,

Ако прекршокот го направи клуб-федерација, ќе се казни со префрлување во понизок степен.

**Член 44**

Оној што ќе даде лажен исказ во постапката пред ОКСМ:
Ќе се казни со забрана за вршење на должност во траење до една (1) година.
Ако делото од став 1 на овој член го направи федерација, ќе се казни со парична казна.

**Член 45**

Оној кој на јавно место како член на ОКСМ недолично се однесува:
Ќе се казни со забрана за играње или со забрана за вршење на должност во траење до една (1) година,
Оној кој недолично се однесува на олимписки настани, а не е учесник на настанот ќе се казни со временска забрана на вршење на должност во траење до една (1) година.

**Член 46**

Оној кој навредува или предизвикува вработен, делегат или друг член на олимпискиот комитет:
Ќе се казни со забрана за вршење на должност во траење до една (1) година,
Ако на лицето од претходниот став е извршен физички напад сторителот ќе се казни со забрана за вршење на должност во траење од најмалку една (1) година.

**Член 47**

Делегат кој несовесно, немарно или недоволно ангажирано ја врши својата должност:
Ќе се казни со забрана за вршење на должност до една (1) година.

**Член 48**

Делегат кој ќе се обиде или ќе изврши физички напад врз кој било учесник на собрание:
Ќе се казни со забрана за вршење на должност до две (2) години.

## XI ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 49**

За сè што не е пропишано со овој Дисциплински правилник, ќе се применуваат дисциплинските одредби пропишани во актите на Интернационалниот олимписки комитет.

**Член 50**

Дисциплинската постапка започната пред стапување во сила на овој Правилник, која не е завршена со донесување на одлука за казна, ќе се продолжи според одредбите на овој Правилник.

**Член 51**

Ако за водење на дисциплинска постапка започната пред стапување во сила на овој Правилник е надлежен друг дисциплински орган, понатамошното водење на постапката ќе го продолжи органот надлежен согласно овој Правилник.

**Член 52**

Овој Правилник стапува на сила осум дена од денот на донесувањето.

Скопје 03/12/2020 година

**Олимписки комитет на Северна Македонија**
**Претседател**
**м.р Даниел Димевски**